Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 258, 15 јули 2020 година

јули 2020 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА НА ИЗВЕДБА НА МЕЛОДИИ ВО СОВРЕМЕНИ СТИЛОВИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП .................. 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА КАЈ КОМПЛЕМЕНТАРНИ СОСТАВИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП .................. 11

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП .................. 20

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ „КЛИНИЧКА ДИЈАГНОЗА И ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА ТРЕТМАН” ОД АВТОРИТЕ АСС. Д-Р АНА РАДЕСКА-ПАНОВСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЈА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП .................. 30

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ „КЛИНИЧКА ДИЈАГНОЗА И ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА ТРЕТМАН” ОД АВТОРИТЕ АСС. Д-Р АНА РАДЕСКА-ПАНОВСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЈА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП .................. 32

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно - научниот совет на докторски студии .................. 34

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата .................. 35

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА НА ИЗВЕДБА НА МЕЛОДИИ ВО СОВРЕМЕНИ СТИЛОВИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-57/6 од 9.7.2020 година донесена на 66. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија (факултет), одржана на 9.7.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Ангеле Михајловски, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – пијано, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- м-р Златка Митева, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – флејта, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 27.6.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката:

1. **доцент д-р Невенка Дуковска.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Невенка Дуковска (Трајкова)** е родена на 26 април 1984 година. Средно музичко училиште – оддел Класично пијано завршува со одличен успех во музичкото училиште „Сергеј Михајлов“. Дипломира пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р Македонија). На истата Национална музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија, магистрира на отсекот Пијано во октомври 2008 година со просек 9,00.

Во октомври 2013 година се стекнува со научен назив – доктор на науки на Музичката академија „Панчо Владигеров“ во Софија, каде што докторира корепетиција на тема „*Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми*“, со просек 10.

По дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција. Од декември 2008 г. заснова работен однос на Факултетот за музичка уметност во Штип како уметнички соработник (корепетитор) по пијано во класите на гудачките и дувачките инструменти. На 21 јануари 2016 година заснова работа на истиот Универзитет како универзитетски доцент.

Д-р Невенка Дуковска често настапува низ државата, но и надвор од неа. Со нејзината концертна дејност има оставено печат на сцените низ Австрија, Словенија, Шпанија, Италија, Бугарија, Грција, Србија, а во последните пет години позначајни се настапите на три турнеи низ Мароко, Африка, во повеќе од пет големи центри (2016, 2017, 2018 година). Линц, Австрија концерт 2016 г. и многу настапи низ Македонија, на познати фестивали, манифестации, како и целовечерни концерти со Дуото „Грациозо" во кое членува. Со истото дуо добитници се на *8-мо ноемвриско признание* од Општина Штип за 2016 година и *8-мо ноемвриско признание* од Општина Неготино за 2015 година. Добитници се и на *Статуетка* и *Признание* од Општина М`Дик - Мароко, доделена од градоначалникот за постигнувања во областа на културата за 2018 г. (види табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност под реден број 8).

Д-р Дуковска била корепетитор на студенти во учество на државни и меѓународни натпревари, од кои многумина се добитници на државни и на меѓународни први награди. Д-р Невенка Дуковска била член на жири комисии на меѓународни натпревари во Струга, Дојран и натпреварот Своге во Р Бугарија - 2016, 2017 и 2018 г. Учествува на многу музичко-образовни РТВ емисии во Македонија, а од последните пет години ги издвојуваме емисиите на ТВ Стар – Штип, ТВ Ирис – Штип, 24 Вести, ТВ К+, ТВ Сител. Аудио снимка од гостувањето на д-р Невенка Трајкова-Дуковска во „Утрински поглед" на Радио Слободна Македонија 2016 г. Аудио снимка од разговорот со д-р Невенка Трајкова-Дуковска во ФМ Врева на Радио Слободна Македонија – 2016 г.; видео и аудио материјалите се објавени на универзитетскиот репозиториум (види табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност под реден број 8). Д-р Дуковска е член на Универзитетски сенат на УГД – Штип од мај 2019 год. (види табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност под реден број 27).

Д-р Дуковска одлично ги познава англискиот и шпанскиот јазик, како и средно ниво на турски јазик за кој исто така има сертификат.

***Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

- **Диплома за завршени докторски студии** со што се стекнува со право на стручен назив доктор на музички уметности. Докторира на НМА „Панчо Владигеров" во Софија, Р Бугарија, корепетиција на тема „*Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми*" со просек 10.

- **Диплома за завршени магистерски студии** по пијано на истата академија, каде што магистрира во 2008 година со просек 9,00 и се стекнува со право на стручен назив магистер по пијано.

**- Диплома за завршени додипломски студии** со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран пијанист на Националната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Р Бугарија, со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р Македонија).

Кандидатката исто така има приложено Решение за нострифицирани дипломи, дополнети со еквиваленција на оценките издадени од МОН на РМ.

- **Доцент од област во која се избира** со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности - доктор на науки од соодветната научна област - музичка уметност.

Кандидатката д-р Невенка Дуковска е избрана за наставник во звањето доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на 21.1.2016 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

5. Објавени научни, уметнички и стручни дела кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во земјава и надвор од земјава. Кандидатката д-р Невенка Дуковска има објавено повеќе трудови од областа на интерпретацијата на камерна музика и корепетиција во домашни и во странски списанија, меѓу кои и со импакт фактор, од последните години е долунаведеното (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 5 за вкупен број поени):

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дуковска, Н. | Интегрирањето на современи музички дела во едукативниот и методолошки процес за развој на техниката на пијанистот. *107-116. ISSN 1857-7296* | Годишен зборник - 2017 Музичка академија УГД, IV (4). pp. | Штип (2017) |

Има изведено шест целовечерни концерти (во земјава и во странство).

Од доставената документација, во периодот од последните пет години до Конкурсот, д-р Невенка Дуковска ги има остварено следниве уметнички активности:

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот (од репозиториум) | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт - „Macedonia meets Austria“, Linz 2016 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15607 | 2016 |
| 2. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) | Целовечерен концерт | Концерт на популарна и филмска музика „Marsh with me“- дуо „Grazioso“ - Штипско културно лето 2016 http://eprints.ugd.edu.mk/16588/ | 2016 |
| 3. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) Памела Велкова (виолина) | Целовечерен концерт | *Концерт на современа македонска музика трио „Grazioso“* во Кавадарци http://eprints.ugd.edu.mk/18446/ | 2017 |
| 4. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) | Целовечерен концерт | *Целовечерен концерт на дуо „Grazioso“* во Лараче на турнеја низ Мароко, Африка http://eprints.ugd.edu.mk/17792/ | 2017 |
| 5. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) м-р Александра Трајкова (пијано) | Целовечерен концерт | *Концерт на дуо „Grazioso“* во рамките на фестивалот „M`DIQ MOSAIQUE“ во Мароко, 2018. http://eprints.ugd.edu.mk/20029/ | 2018 |
| 6. | Д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) | Целовечерен концерт | *Настап на д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија како дуо „Грациозо“ на Хуманитарен концерт во Центар за култура „Ацо Ѓорчев “ на 18 април 2019 г.*, Неготино. http://eprints.ugd.edu.mk/22477/ | 2019 |

Кандидатката д-р Невенка Дуковска има приложено концертни програми за 32 настапи, од кои 18 целовечерни концерти (во земјава и во странство) и 14 настапи на културни манифестации, доделувања на награди, новогодишни и хуманитарни концерти. Концертите се реализирани во периодот од јуни 2015 година до септември 2019 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти).

**- Сертификат за познавање на странски јазик**

Кандидатката има приложено сертификати за познавање на англиски јазик (В1) и турски јазик (А1 и А2).

Доц. д-р Невенка Дуковска има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=130; (САОР)=8,5 или вкупно 168,5 поени.

- Покажала способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност - доцент д-р Невенка Дуковска покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските и магистерските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Корепетиција и читање прима виста.

- Има позитивно рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/648

Скрипта со наслов „Развивање на пијанистичка техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори“ (2017) ISBN 978-608-244-422-2. (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).

- Има интерна скрипта од вежби I, во електронска верзија за наставата по пијано и корепетиција, со наслов „Читање прима виста“ (2017) ISBN 978-608-244-428-4, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/647 (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).

- Има интерна скрипта од вежби II во електронска верзија за наставата по пијано и корепетиција „Транспонирање“ (2017) ISBN 978-608-244-429-1, објавена на електронската библиотека на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/649 (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).

- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници остварува со тоа што често настапува со студентите на сцените низ државата и надвор од неа, на концерти, натпревари, симпозиуми, јавни часови, музичко-образовни ТВ и радио програми и сл. Има признание од Меѓународниот натпревар во Своге, Р Бугарија, за педагошки достигнувања, како и диплома за учество во жири на меѓународен натпревар.

***Наставно-образовна дејност***

По дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција. Од декември 2008 година заснова работен однос на Факултетот за музичка уметност во Штип како уметнички соработник (корепетитор) по пијано во класите на гудачките и дувачките инструменти. На 21.1.2016 година заснова работа на истиот Универзитет како универзитетски доцент.

Во работните задачи го држи изборниот предмет Корепетиција со читање прима виста, на Вокално-инструменталниот оддел, како и Корепетиција на дувачки, гудачки инструменти и корепетиција на соло пеење. Д-р Дуковска има изработено за потребите

на факултетот две интерни скрипти (2017) за наставата по пијано – „Читање прима виста“ http://e-lib.ugd.edu.mk/647 и „Транспонирање“ http://e-lib.ugd.edu.mk/649 и една рецензирана скрипта „Развивање на пијанистичката техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори“ (2017). **ISBN**: 978-608-244-422-2, објавена на универзитетската електронска библиотека http://e-lib.ugd.edu.mk/648 (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4). Исто така, има научен труд објавен во зборник од трудови „Интегрирањето на современи музички дела во едукативниот и методолошки процес за развој на техниката на пијанистот“. Годишен зборник - 2017 Музичка академија УГД, IV (4). pp. 107-116. ISSN 1857-7296 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 5).

Од изборот во 2016 година, наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Дуковска го предава предметот Корепетиција со читање прима виста и корепетира студенти на Вокално-инструменталниот оддел на МА при УГД, во следниве класи: Дувачки, Гудачки и Соло-пеење. Учествува во жири комисии на меѓународни натпревари, од кои има дипломи за учество, како и во 2018 г. Диплома за педагошки достигнувања од Меѓународниот натпревар во Своге, Р Бугарија.

Во периодот од 2015 до 2019 година ги има забележано следниве настапи и успеси со студенти: 8 целовечерни групни и солистички концерти и 1 прва награда на меѓународен натпревар и неколку дипломски одбрани, со најразлични концертни програми со студенти од Вокално-инструментален оддел при МА, наведени подолу:

- 20.5.2019 - Настап на концерт со студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД во Кочани.
- 21.5.2019 - Настап на концерт со студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД во Штип.
- 22.5.2019 - Настап на концерт со студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД во Велес.
- 27.5.2019 - Настап со студент по виолина од класата на проф.Софија Никоска на изложба организирана од УГД во Уметничка галерија „Безистен“ Штип.
- 20.12.2018 - Настап со студентите при УГД од класата Соло пеење на проф. Марјан Николовски, по повод празникот на градот Свети Николе.
- 25.9.2019 - Настап по повод празник на градот Свети Николе, дуо - пијано и виолина.
- 1.4.2018 - Настапи со студент по флејта Тамара Лазарова, која доби прва награда на меѓународниот натпревар „Полихимнија“ во Скопје.
- 8.7.2016 – Настап на Дипломски концерт со студент по флејта при МА, УГД.
- 17.5.2016 – Настап на натпревар со студенти од УГД во Своге, Бугарија.
- 17.5.2016 – Учество во жири на Меѓународен натпревар Своге, Бугарија.
- 17.5.2016 – Диплома за педагошки достигнувања од Своге, Бугарија.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, д-р Невенка Дуковска во периодот на последните пет години од јуни 2015 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали има вкупно 37 настапи од кои 10 целовечерни концерти во странство, 10 целовечерни концерти во земјава и тоа на познати манифестации како: „Штипско културно лето“, „Топол културен бран“, хуманитарни концерти и сл., 11 концертни настапи од 20 минути, 6 целовечерни концерти со студентите. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти).

***Во земјава:***

- 18 .4. 2019 - Настап на д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија како дуо „Грациозо“ на Хуманитарен концерт во Центар за култура „Ацо Ѓорчев“, Неготино;
- 7.11. 2018 - Настап на дуо „Грациозо“ по повод празникот на градот Демир Капија;
- 13.7.2018 - Настап на трио „Грациозо“ на Штипско културно лето – Штип;
- 26.12.2017 - Новогодишен концерт на дуо „Грациозо“ – „Музичка разгледница“ во Мултимедијален центар УГД – Штип;
- 25.12. 2017 - Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (Флејта, кларинет и камерна музика), Штип;
- 19.10. 2017 - Концерт на трио „Грациозо“ во Дом на културата „Иван Мазов-Климе“ – Кавадарци. Проект на министерство за култура 2017, д-р Невенка Дуковска (пијано), м-р Кристина Палија (сопран) и Памела Велкова (виолина);
- 22.11. 2016 - Настап на дуо „Грациозо“, д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија на Свечената академија по повод 40 години музејска дејност – Кавадарци;
- 8.11.2016 - Дуо „Грациозо“ д-р Невенка Дуковска и м-р Кристина Палија добитници на признание „8 ноември“ од Општина Штип и настап на свечената седница;
- 6. 7. 2016 - Концерт на популарна и филмска музика „Marsh with me“ - дуо „Грациозо“, д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) - Штипско културно лето 2016;
- 9.5.2016 - Настап на трио „Грациозо“ на изложба организирана од Холандска амбасада „Ана Франк“ во Неготино 2016;
- Настап на трио „Грациозо“ на традиционална копаничарска изложба во Музеј на Неготино;
- 14.2.2016 - Концерт на трио „Грациозо“ по повод празникот „Св. Трифун – 2016“ – Неготино;
- Настап на трио „Грациозо“ - „Топол културен бран“ - Неготино, 2015;
- Концерт на трио „Грациозо“ - Велес - Град на културата 2015.

***Во странство:***

- 27. 4. 2018 - Концерт на дуо „Грациозо“ во рамките на фестивалот „M`DIQ MOSAIQUE“ во М`Дик Мароко, Африка;
- 30. 4. 2017 - Концерт на дуо „Грациозо“ - д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) во Лараче, Мароко;
- 28. 4. 2017 - Концерт на дуо „Грациозо“ д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) во Лараче, Мароко во Ксар Ел Кебир - Мароко, Африка;
- 27. 4. 2017- Целовечерен концерт на д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) како дуо „Грациозо“ во Лараче на турнеја низ Мароко, Африка;
- 7. 3. 2016 - Целовечерен концерт на д-р Невенка Дуковска (пијано) и м-р Кристина Палија (сопран) - „Macedonia meets Austria“, Linz 2016, Линц, Австрија;
- 
  8. 5.2016 – Целовечерен концерт на трио „Грациозо“ во Тетуан – Мароко 2016;
- 7. 5. 2016 – Целовечерен концерт на трио „Грациозо“ во Ларачe – Мароко 2016;
- 7. 5. 2016 - Настап на трио „Грациозо“ на свеченото отворање на Светскиот триатлон во Лараче – Мароко 2016;
- 6. 7. 2016 – Целовечерен концерт на трио „Грациозо“ во El Kelaa des Sraghna – Мароко 2016;
- 27.8.2015 – Настап на Концерт на трио „Грациозо“ во Попово, Р Бугарија - „*Common european memory of the past*“ 2015.

Добитник со дуо „Грациозо“ на две 8-мо ноемвриски награди од Општина Штип 2016 година и од Општина Неготино 2015 година; добитничка на награда со дуо „Грациозо“ за придонес во културата од Мароко, Африка, од градоначалникот на град М`Дик 2018 година; Признание за педагошки достигнувања од Своге, Бугарија во 2016 година и Сертификат за споделување искуства за техники на евалуација за наставни програми и нивна примена во практика во 2016 година (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден бр. 21).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Од мај 2019 година доц. д-р Невенка Дуковска е член на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (види табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност под реден број 27), редовен член на комисиите за запишување на нови студенти/ уписи и завршни испити по предметот Корепетиција со читање прима виста на Вокално-инструменталниот оддел на додипломските и постдипломските студии на МА при УГД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На членовите на Комисијата за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* (1 извршител) за време од пет години на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката д-р Невенка Дуковска преку остварените досегашни активности во изминатите години како вработен доцент на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, преку своите студенти по предметот Корепетиција и читање прима виста, преку своите ангажмани во соработката и со студентите од Вокално-инструменталниот оддел и нивните предметни професори, покажа високо ниво на професионалност, дисциплинираност, компетентност и преданост во организациско-развојните дејности на Музичката академија и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и да ја избере кандидатката д-р Невенка Дуковска за вонреден професор во наставно-научната уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ангеле Михајловски**, редовен професор, претседател, с.р.
**М-р Антонијо Китановски,** редовен професор - член, с.р.
**М-р Златка Митева**, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба 23 целовечерни концерти (14 концерти во земјава и 10 концерти во странство) | 14x3 | 42 | 10x6 | 60 | 102 |
| **21.** | Награди-признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценскомузички награди (Прва награда на меѓународниот натпревар „Полихимнија“ во Скопје Награда за придонес во културата М`Дик Мароко 8-мо ноемвриска награда од Општина Штип, 8-мо ноемвриска награда од Општина Неготино | 1x5<br>1x5<br>1x5 | 15 | 1x10 | 10 | 25 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **128** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 7x0,5 | 3,5 | 1x2 | 2 | 5,5 |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетски сенат на УГД - Штип од мај, 2019) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **168,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА КАЈ КОМПЛЕМЕНТАРНИ СОСТАВИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-57/5 донесена на 66. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 9.7.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Ангеле Михајловски, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – пијано, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научните области џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- м-р Златка Митева, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – флејта, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 27.6.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

**1. Доц. м-р Наташа Трбојевиќ** .

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Наташа Трбојевиќ** е родена во 1965 година во Штип. Музичкото образование го стекнува во Основното и Средното музичко училиште во Штип во класата по пијано на професорот Санда Бикова. Своето образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во класата по пијано на професор Лепша Пиперковска со просек 9,27, магистрира во класата по пијано на проф. Евушка Трпкова-Елезовиќ со просек 10.00. Има освоено повеќе награди на натпревари по пијано.

За време на студиите има одржано голем број солистички концерти организирани од Музичката младина на Македонија и Млади музички уметници, Штипско културно лето, Скопско лето и др. Учествува и во пијано трио во класата на професорот М. Куфојанакис, професор по камерна музика. Учествува на семинари по пијано кај истакнати пијанисти: Тимакин, А. Валдма, Б. Романов, Јокут Михајловиќ, Д. Трбојевиќ и др.

Од 1988 година работи како професор по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Истовремено работи и во Музичкото училиште во Врање и во Бујановац во Р Србија, во периодот 1988 - 1992 година. Таа ѝ припаѓа на првата генерација дипломирани пијанисти во Штип и е еден од основачите на класата по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Била член на жири комисија на државни натпревари за пијано и камерна музика во Скопје и во Битола од 2003 до 2009 година. Како музички педагог

со своите ученици учествува на повеќе државни и меѓународни натпревари на кои тие освоиле многубројни награди.

Од 2007 година работи како уметнички соработник на Музичката академија при УГД во Штип, со класите по флејта, кларинет, труба и соло пеење. Настапува на многубројни концерти организирани од Музичката академија, вклучувајќи меѓународни и државни натпревари.

Од 2016 година станува доцент на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од 2007 до 2017 година одржува солистички концерти (во Штип, Велес и Скопје) и преку 40 настапи и концерти, со многу музички солисти: Благица Поптомова (сопран), Димитар Кожухаров (бас баритон), Наташа Пандазиева (мецо сопран), Златка Митева (флејта), Бранко Павловски (кларинет), со пијано дуото Трбојевиќ – Настовски.

Од 2013 год. активно настапува со камерниот состав трио „Академико", со кое има реализирано повеќе од 15 целовечерни концерти во Р Македонија, Р Србија, Р Хрватска и Унгарија.

Во 2015 год. издаде ЦД (Барокна музика за глас, труба и пијано) заедно со проф. Васко Ристов и доцент Благица Поптомова; Целовечерен камерен концерт на Златка Митева, Димитар Кожухаров и НаташаТрбојевиќ" во НУЦК „ Ацо Шопов" - Штип; Целовечерен камерен концерт на Златка Митева, Димитар Кожухаров и Наташа Трбојевиќ во Ликовен салон - Велес, во рамки на манифестацијата „Велес град на културата за 2015 год."; Концерт „Вечер на популарни арии" - концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева во Ликовен салон - Велес; Концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева на Музичката академија во Штип - концертна сала.

Во 2016 год. - Два целовечерни концерти на трио „Академико" во концертната сала „Даворин Јенко" во Белград и во концертната сала на Музичката академија во Осиек; Концерт на Васо Ристов и Наташа Трбојевиќ во MC Gallery во Њујорк - САД, Концертни настапи на трио „Академико" на концерт по повод 135 год. од раѓањето на Бела Барток во Музеј на Град Скопје и концертната сала при МА во Штип.

Во 2017 год. - Концертен настап на 70 год. на Концерт по повод јубилејот на ДМУЦ „Сергеј Михајлов" во УГ „Безистен" во Штип; Три целовечерни концерти на трио „Академико" на Академија на уметностите во Нови Сад, на фестивалот „InterVox" во Музеј Славоније во Осиек и во концертната сала на Музичката академија „Франц Лист" во Печ, Унгарија; Два целовечерни концерти „Вечер на македонски автори " – Златка Митева – флејта и Наташа Трбојевиќ – пијано во УГ „Безистен" во Штип и во Музејот „Борис Христов" во Софија, Р Бугарија. Реализирано ЦД - аудиозапис од овој концерт.

Во 2018 год. - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Касел, Германија и MC Gallery, Њујорк, Целовечерен концерт „Музика за флејта и пијано од македонски композитори" (Свечено отворање на манифестацијата „Петровденски конаци" - Дом на култура, Кочани, концерт *Aime moi* со Златка Митева, Наташа Пандазиева и Ана Палупски во Касел, Германија, целовечерен концерт со Златка Митева „Бисери на музичката литература" во Струмица и во Тетово.

Во 2019 год. - Целовечерен концерт на 1. Фестивал за флејта на Музичката академија во Загреб; Целовечерен концерт „Музика за флејта и пијано од македонски автори" на Фестивалот „Koncerti del Tempietto" во Рим, Италија; два целовечерни концерти на Бранко Павловски и Наташа Трбојевиќ во СМУ „Тодор Скаловски – Тетоец" во Тетово и Концертната сала на Музичката академија во Штип.

Од 2016 година е активен член на ННС на Филмската академија, а од 2019 год. е член на Универзитетскиот сенат. Во април 2019 година станува почесен член на Фондацијата „Томислав Зографски".

***Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

- Завршено соодветно високо образование на ФМУ при УКИМ – Скопје, студии на одделот Пијано, по што се стекнува со право на стручен назив дипломиран пијанист со просечен успех 9,27 и втор степен музички науки или музичка уметност/ оддел Пијано, магистерски студии по музичка интерпретација и композиција, со што се стекнува со право на стручен назив магистер по музичка уметност со просечен успех од 10.00.
- Доцент од областа во која се бира со завршено соодветно високо образование на одделот Пијано, од втор степен музички науки или музичка уметност.
- Кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ е избрана за наставник во звањето доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната и уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ на 21.1.1016 година во Штип. „Универзитетски билтен“ бр. 161 од 30.12.2015 година. http://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/11-15/2015/161/pdf/161-8.pdf
- Има изведено признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во земјава и надвор од земјава: Шест целовечерни концерти во земјава или странство.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наташа Трбојевик Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Фестивалот„Concerti del Tempietto“ во Рим, Италија | 16.9.2019 |
| 2. | Наташа Трбојевиќ Златка Митева | Целовечерен концерт | „Бисери на музичката литература“ во Тетово | 5.12.2018 |
| 3. | Наташа Трбојевиќ Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Gallery MC во Њујорк, САД | 29.9.2018 |
| 4. | Наташа Трбојевиќ Златка Митева | Целовечерен концерт | Вечер на македонски автори во Музејот „Борис Христов“ во Софија, Р Бугарија | 26.10.2017 |
| 5. | Наташа Трбојевиќ,Златка Митева, Бранко Павловски | Целовечерен концерт | Концерт на трио „Академико“ на фестивалот Intervox во Осиек, Р Хрватска | 27.05.2016 |
| 6. | Наташа Трбојевиќ Васо Ристов | Целовечерен концерт | Концерт на Наташа Трбојевиќ и Васо Ристов во MC Gallery во Њујорк, САД | 25.9.2016 |

Кандидатката доц. м-р Наташа Трбојевиќ има приложено концертни програми за изведба на 24 концерти (во земјава и во странство). Концертите се реализирани од февруари 2016 до јуни 2020 година и сите се наведени во поглавјето за научноистажувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик

Кандидатката доц. м-р Наташа Трбојевиќ има доставено потврда и сертификат за познавање на англиски и на германски јазик.

- Има придонес во оспособувањето на помладите наставници и соработници

- Кандидатката доц. м-р Наташа Трбојевиќ има придонес во оспособување на помлади наставници и соработници. Дипломираните музичари активно работат  како наставници и соработници на пијано во основните и во средните музички училишта во Р Македонија и во странство. Исто така, тие се оспособуваат за самостојно изведување на камерни концерти и како уметнички соработници.

- Покажала способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност

- Кандидатката доц. м-р Наташа Трбојевиќ има способност за изведување на високообразовна дејност, успешно изведува настава на студентите од класите по пијано по предметот Корепетиција и читање прима виста и учествува активно во наставата и испитите на додипломските и магистерски студии од класите по кларинет, флејта, труба и соло пеење. Нејзините студенти настапуваат на сите концерти организирани од страна на вокално инструменталниот оддел,а и самата учествува со уметничка соработка на концерти, дипломски и магистерски концерти и натпревари.

- Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите  реализирани на соодветни единици на Универзитетот.

Доц. м-р Наташа Трбојевиќ има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

- Има најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека.

Доц. м-р Наташа Трбојевиќ заедно со проф. Златка Митева е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" со наслов „Интерпретациските проблеми на Сонатата за флејта и пијано Ундин оп.167" од Карл Рајнеке со анализа на први став (види табела Наставнообразовна дејност под реден бр .4). Исто така, таа има реализирано авторско ЦД (Музика за флејта и пијано од македонски автори заедно со флејтистката Златка Митева.

- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)= 30, (НИ)= 38, (САОР)= 7 или вкупно 75 поени.

Доц. м-р Наташа Трбојевиќ има остварено минимум поени кои  се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) = 30, (НИ) = 119, (САОР) = 17 или вкупно 166 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

- Кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ е избрана за наставник во звањето доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната и уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* од страна на на наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" на 21.1.1016 година во Штип.

Трбојевиќ, заедно со флејтистката Златка Митева, е автор на рецензирана скрипта (објавена во е-библиотека) за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" – „Интерпретациските проблеми на Сонатата за флејта и пијано Ундин оп.167" од Карл Рајнеке со анализа на први став https://e-lib.ugd.edu.mk/528 (види табела Наставно-образовна дејност под реден бр.4).

Трбојевиќ е автор на две интерни учебни помагала за потребите на студентите по предметот Корепетиција и а виста (вежби): Песни за глас и пијано – Р.Шуман оп.40, оп.87, оп.125 и Песни за глас и клавир – Р.Шуман оп.48 (види табела Наставно-образовна дејност под реден бр.5).

Од изборот од 2016 година таа го предава предметот Корепетиција со читање прима виста на студентите од Вокално-инструменталниот оддел – оддел Пијано на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден бр. 25).

Во периодот од јануари 2016 до 2020 година студентите од класата по корепетиција и читање прима виста одржаа 10 концерти и настапи на концерти организирани од Музичката академија. Исто така, како уметнички соработник на класите по кларинет, флејта, труба, соло пеење и виолина настапува на 15 целовечерни концерти и настапи (дипломски концерти, годишни и новогодишни концерти).

- 26.12.2019 - Дипломски концерт на Томе Василев – кларинет, уметничка соработка на пијано доц. м-р Наташа Трбојевиќ – концертна сала на Музичката академија во Штип.
- 17.12.2019 - Дипломски концерт на Илија Добринов - труба, уметничка соработка на пијано доц. м-р Наташа Трбојевиќ, концертна сала на Музичката академија во Штип.
- 21.11.2019 - Уметничка соработка на пијано со Тамара Лазарова на „A Recital of Classical Music and Traditional Bagpipe melodies“ во концертната сала на Музичката академија во Штип.
- 18.11.2019 - Дипломски концерт на Љупка Рогожарска – виолина уметничка соработка на пијано доц. м-р Наташа Трбојевиќ концертна сала на Музичка академија – Штип.
- 6.11.2019 - Концерт по повод 85 години од раѓањето на македонскиот композитор и педагог Томислав Зографски, ОМУ Кочани.
- 15.6.2019 - Дипломски концерт на Златко Петрушевски - кларинет, уметничка соработка на пијано - Наташа Трбојевиќ концерна сала МА – Штип.
- 22.5.2019 - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип. Уметничка соработка со студентите од класите: Кларинет, Труба и Флејта, како и учество со својата класа по корепетиција со читање прима виста - Музичко училиште „Стефан Гајдов“ – Велес.
- 21.5.2019 - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип. Уметничка соработка со студентите од класите: Кларинет, Труба и Флејта, како и учество со својата класа по корепетиција со читање прима виста - Мултимедијален центар при УГД – Штип.
- 20.5.2019 - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип. Уметничка соработка со студентите од класите: Кларинет, Труба и Флејта, како и учество со својата класа по корепетиција со читање прима виста - Музичко училиште – Кочани.
- 20.12.2018 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип.
- 22.6.2017 - Уметничка соработка на пијано на целовечерен концерт „Дипломски испит на Сашко Настов“ од класата Кларинет во концертната сала на Музичката академија во Штип.
- 15.6.2017 - Уметничка соработка на пијано на целовечерен концерт „Дипломски испит на Јани Мурџев“ од класата Кларинет во концертната сала на Музичката академија во Штип.
- 9.6.2017 - Уметничка соработка на пијано на целовечерен концерт „Дипломски испит на Трајко Калајџиски“ од класата Флејта во концертната сала на Музичката академија во Штип.
- 22.12.2016 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД во концертната сала на Музичката академија во Штип.

- 23.12.2016 – Концертен настап, уметничка соработка на пијано со студенти од класата Труба на „Концерт на пијано и труба“ во концертната сала на Музичката академија во Штип.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Од доставената документација, во периодот по изборот на м-р Наташа Трбојевиќ во претходното звање доцент во јануари 2016 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали има вкупно 24 целовечерни концерти од кои 13 во земјава, 11 целовечерни концерти во странство, 15 концерти на студентите, 2 концертни настапи во траење од 20 минути. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупниот број поени од овие концерти).

Целовечерен солистички – камерен концерт
Во земјава:

- 23.12.2019 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Бранко Павловски во концертната сала на СМУ „Тодор Скаловски – Тетоец“ во Тетово. http://eprints.ugd.edu.mk/23537/
- 12.12.2019 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Бранко Павловски во концертната сала на Музичката академија во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/21475/
- 7.11.2019 - Хуманитарен концерт „Со срце за Симона“ во Мултимедијалниот центар во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/22837/
- 4.12.2018 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева „Бисери на музичката литература“ во МУ „Боро Џони“ во Струмица. http://eprints.ugd.edu.mk/21401/
- 5.12.2018 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева „Бисери на музичката литература“ во концертната сала на ДМУ „Тодор Скаловски – Тетоец“ во Тетово. http://eprints.ugd.edu.mk/21400/
- 12.7.2018 - Целовечерен концерт „Музика за флејта и пијано од македонски композитори“ на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева на Свеченото отворање на манифестацијата „Петровденски конаци 2018 година“ во НУЦК „Бели мугри“ во Кочани. http://eprints.ugd.edu.mk/20635/
- 12.5.2018 - Концерт на трио „Академико“ на одбележувањето на Денот на Европа (во организација на Амбасадана Унгарија ) Наташа Трбојевиќ – пијано, Златка Митева – флејта и Бранко Павловски – кларинет во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/21496/
- 23.12.2018 – Целовечерен концерт на Васко Ристов и Наташа Трбојевиќ во „Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка http://eprints.ugd.edu.mk/19392/
- 18.10.2017 – Целовечерен концерт „Вечер на македонски автори за флејта и пијано“ на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во уметничката галерија „Безистен“ во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/19395/
- 1.6.2017 год. – „70 год. јубилеј на ДМУЦ ’Сергеј Михајлов’“ во Уметничката галерија „Безистен“ во Штип: http://eprints.ugd.edu.mk/19406/
- 14.11.2016 - Концертен настап на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева и Бранко Павловски на „Концерт по повод 135-годишнината од раѓањето на Бела Барток“ во Музеј на Град Скопје. http://eprints.ugd.edu.mk/16669/
- 7.12.2016 - Концертен настап на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева и Бранко Павловски на „Концерт по повод 135-годишнината од раѓањето на Бела Барток“ во концертната сала на Музичката академија во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/17462/
- 22.4.2016 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Љупчо Богатиноски во концертната сала на Музичката академија во Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/16027/

Во странство:

- 16.9.2019 – Целовечерен концерт на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ „Музика за флејта и пијано од македонски композитори“ на Фестивалот „Concerti del Tempietto“ во Teatro di Marcello во Рим, Италија. http://eprints.ugd.edu.mk/21476/
- 27.4.2019 - Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева на „1st Flaute meeting festival – Zagreb 2019“ во концертната сала „Благоје Берса“ во Загреб, Хрватска. http://eprints.ugd.edu.mk/22835/
- 29.9.2018 - Целовечерен концерт за флејта и пијано на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Gallery MC во Њујорк – САД. http://eprints.ugd.edu.mk/20634/
- 16.6.2018 - Целовечерен концерт „Aime moi“ на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева, Наташа Пандазиева и Ана Палупски во Касел, Германија http://eprints.ugd.edu.mk/20633/
- 8.11.2017 – Целовечерен концерт на трио „Академико“ на Уметничката академија „Франц Лист“ во Печ , Р Унгарија. http://eprints.ugd.edu.mk/19397/
- 26.10.2017 – Целовечерен концерт „Вечер на македонски автори“ на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Културно-информативниот центар на Република македонија во Софија, Р Бугарија. http://eprints.ugd.edu.mk/19396/
- 12.5.2017 – Целовечерен концерт на трио „Академико“ (Наташа Трбојевиќ, Златка Митева и Бранко Павловски) на Уметничката академија во Нови Сад, Р Србија. http://eprints.ugd.edu.mk/19404/
- 11.5.2017 – Целовечерен концерт на трио „Академико“ на Меѓународниот фестивал „Intervox“ во Музејот на Славонија во Осиек, Р Хрватска. http://eprints.ugd.edu.mk/19405/
- 28.9.2016 – Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ - пијано и Васо Ристов - труба во Gallery MC во Њујорк, САД. http://eprints.ugd.edu.mk/16361/
- 27.5.2016 – Целовечерен концерт на трио „Академико“ (Наташа Трбојевиќ -пијано, Златка Митева - флејта и Бранко Павловски - кларинет) во Свечената сала на Уметничката академија во Осиек, Р Хрватска. http://eprints.ugd.edu.mk/16021/
- 29.5.2016 – Целовечерен концерт на трио „Академико“ во концертната сала „Даворин Јенко“ во Белград, Р Србија. http://eprints.ugd.edu.mk/16020/

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

1. Во 2018 година дуото Митева – Трбојевиќ го издаваат своето авторско ЦД. На ова ЦД тие изведоа дела за флејта и пијано од македонски композитори од помладата и постарата генерација: Стојков, Бранѓолица, Зографски, Џамбазов,Велковска-Трајановска, Гавриловски. (http://eprints.ugd.edu.mk/19409/)
2. Од мај 2020 година доц. м-р Наташа Трбојевиќ е член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, претседател на Одборот за односи со јавноста, член е на Комисијата за завршните испити по предметот Корепетиција со читање прима виста. Таа активно учествува во креирање на студиската програма по предметите Корепетиција со читање прима виста и Камерна музика на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).
3. Од 2019 година станува почесен член на Фондацијата „Томислав Зографски“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од целокупната наведена активност на кандидатката доц. м-р Наташа Трбојевиќ детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната и уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави*, согласно со Законот на високо образование и Правилникот за единствени критериуми за постапка на избор во наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности, преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисија има особено чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот доц. м-р Наташа Трбојевиќ да биде избрана во звање вонреден професор од наставно-научната област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ангеле Михајловски**, редовен професор, претседател, с.р.
**М-р Антонијо Китановски** редовен професор, член, с.р.
**М-р Златка Митева**, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | **1** | **30** | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br>24 целовечерни концерти (13 во земјава и 11 во странство) | 13x3 | 39 | 11x6 | 66 | 105 |
| **21.** | Награди и признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско музички награди (почесен член и диплома за почесен гостин на Фондацијата „Томислав Зографски“ 2019) | 2x5 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **115** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Издаден компакт диск ЦД | 1 | 6 | | | 6 |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетски сенат на УГД – Штип, мај 2019) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (претседател на Комисијата за доверба со јавност, комисиите за завршни и приемни испити) | 3x2 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **17** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **162** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-92/3 од 19.6.2020 година донесена на 17. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 16.6.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *подготовка на минерални суровини* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– Д-р Мирјана Голомеова, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област подготовка на минерални суровини, претседател;
– Д-р Благој Голомеев, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област подготовка на минерални суровини, член;
– Д-р Дејан Мираковски, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област вентилација и техничка заштита, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 2.6.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

1. **Д-р Афродита Зенделска,** доцент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Афродита Зенделска** е родена на 25 април 1983 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование со континуиран одличен успех. Во 2006 година дипломира на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Катедрата за минерална технологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 8.72 и се стекнува со звање дипломиран рударски инженер. Во 2010 година, по завршувањето на предвидените испити со просечна оценка 10.00 го брани магистерскиот труд со наслов „Проценка на квалитетот на водите, почвите и седиментите во околината на хидројаловиштето на рудникот Саса и неговото влијание врз животната средина“ на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На 9 септември 2015 година со одбрана на докторската дисертација со наслов „Можности за примена на природни суровини при прочистување на руднички води загадени со тешки метали“ на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се стекнува со научен степен доктор на технички науки.

По дипломирањето, кандидатката волонтира во ЈП Исар, РЕ Водовод и канализација, како референт за подземен катастар, а во септември 2007 година е вработена во Рудникот за олово и цинк „Саса“, како инженер за лабораториски испитувања. Од 31.12.2007 година д-р Афродита Зенделска е во редовен работен однос на Универзитетот „Гоце Делчев“ во

Штип, најпрво како асистент на Факултетот за природни и технички науки, а на 18.12.2015 година на Факултетот за природни и технички науки е избрана за наставник во наставо-научно звање доцент за наставно-научната област подготовка на минерални суровини.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**Општи услови за избор:**

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на технички науки, област подготовка на минерални суровини);
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии (прв циклус) 8.72 и остварениот просек на постдипломски студии (втор циклус) 10.00;
3. Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтни научни публикации, согласно со Законот за високо образование, во последните пет години при објавувањето на огласот за избор:

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ Публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris | Removal of Zinc Ions from Acid Aqueous Solutions and Acid Mine Drainage Using Zeolite-Bearing Tuff | Mine Water and the Environment, 38 (1), pp. 187-196 (2019) ISSN 1025-9112<br><br>IF 2.145 за 2018 | 1981 |
| 2 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris | Removal of lead ions from acid aqueous solutions and acid mine drainage using zeolite bearing tuff | Archives of Environmental Protection, 44 (1), pp. 87-96 (2018) ISSN 2083-4772; eISSN 2083-4810<br>IF 1.120 за 2017 | 1975 |
| 3 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Blažev, Krsto and Krstev, Boris and Golomeov, Blagoj and Krstev, Aleksandar | Adsorption of copper ions from aqueous solutions on natural zeolite. | Environment Protection Engineering, 41 (4), pp. 17-36 (2015) ISSN 0324-8828 (print) 2450-260X (online)<br><br>IF 0.505 за 2015 | 2003 |
| 4 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris | Effect of Competing Cations (Cu, Zn, Mn, Pb) Adsorbed by Zeolite Bearing Tuff from Macedonia | Nature Environment and Pollution Technology, 17 (1), pp. 21-24 (2018) ISSN 2395-3454 (Online) | 1994 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Jakupi, Shaban and Lisichkov, Kiril and Kuvendziev, Stefan and Marinkovski, Mirko | Characterization and application of clinoptilolite for removal of heavy metal ions from water resources | Geologica Macedonica, 32 (1), pp. 21-32 (2018) ISSN 0352-1206 | 1984 |
| 6 | Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris Online ISSN: 2248-3128 | Zeolite bearing tuff as an adsorbent for heavy metals removal from aqueous solutions and acid mine drainage | ECOTERRA - Journal of Environmental Research and Protection, 15 (1), pp. 35-43 (2018) ISSN Printed ISSN: 1584-7071 | 2004 |

4. Претходно е избрана во наставно-научно звање доцент (Одлука бр. 1702-358/9 од 24.12.2015);
5. Потврда за познавање на англиски јазик (Preliminary English Test на ниво B1 од Cambridge);
6. Има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати;
2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници;
3. Рецензирани скрипта и практикум.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од 31 декември 2007 година, кандидатката д-р Афродита Зенделска е избрана во соработничко звање помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Првите три години работи како помлад асистент, а во август 2011 година е избрана во соработничко звање асистент во научната областа подготовка на минерални суровини на Факултетотот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука број 1702-358/9 од 24.12.2015 година е избрана во наставно-научно звање доцент за наставно-научна област подготовка на минерални суровини.

Кандидатката од првиот изборот во соработничко звање до денес активно е вклучена во работата со студентите (предавања, вежби, консултации, изработка/проверка на семинарски трудови и домашни задачи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности поврзани, како за наставно-научниот процес, така и од аспект на евиденциско-административни задачи). Во изборните периоди реализира предавања и вежби на следниве предмети: Методи на испитување во минералната технологија, Минерална технологија 2, Минерално инженерство, Математички методи во минералната технологија, Третман на отпадни води, Рециклажни технологии, Нумерички методи, Операциони истражувања, Модели на оптимизација и други предмети од областа на подготовката на минерални суровини. Предметите се содржани во студиските програми на Факултетот на природни и технички науки во наставните центри Штип, Скопје, Прилеп и Кавадарци.

Од приложената документација и досегашното работно искуство на Факултетот, очигледно е дека кандидатката д-р Афродита Зенделска одлично зборува англиски јазик, што го потврдува со сертификатот добиен од Cambridge за положен Preliminary English Test на ниво B1.

Во изминатиот петгодишен период д-р Афродита Зенделска била ментор на неколку дипломски работи и член на комисии за одбрана на повеќе дипломски и магистерски трудови.

Таа е дел од тимот на повеќе научноистражувачки и апликативни проекти. Учествува на голем број домашни и меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми од областа на подготовка на минерални суровини како автор или коавтор и има објавено повеќе научни трудови, рецензирана скрипта и рецензиран практикум. Активностите се презентирани во е-репозиториумот (UGD academic repository), објавени на веб-страницата на УГД.

***Кандидатката д-р Афродита Зенделска, од последниот избор до денес, ги има објавено следниве трудови:***

***Трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор***

1. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2019) Removal of Zinc Ions from Acid Aqueous Solutions and Acid Mine Drainage Using Zeolite-Bearing Tuff. Mine Water and the Environment, 38 (1). pp. 187-196. ISSN 1025-9112 - **IF 2.145 за 2018**
2. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2018) Removal of lead ions from acid aqueous solutions and acid mine drainage using zeolite bearing tuff. Archives of Environmental Protection, 44 (1). pp. 87-96. ISSN 2083-4772; eISSN 2083-4810 **- IF 1.120 за 2017**
3. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Blažev, Krsto and Krstev, Boris and Golomeov, Blagoj and Krstev, Aleksandar (2015) Adsorption of copper ions from aqueous solutions on natural zeolite. Environment Protection Engineering, 41 (4). pp. 17-36. ISSN 0324-8828 (print) 2450-260X (online) - **IF 0.505 за 2015.**

***Трудови објавени во меѓународни списанија***

4. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2018) Effect of Competing Cations (Cu, Zn, Mn, Pb) Adsorbed by Zeolite Bearing Tuff from Macedonia. Nature Environment and Pollution Technology, 17 (1). pp. 21-24. ISSN 2395-3454 (Online)
5. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Jakupi, Shaban and Lisichkov, Kiril and Kuvendziev, Stefan and Marinkovski, Mirko (2018) Characterization and application of clinoptilolite for removal of heavy metal ions from water resources. Geologica Macedonica, 32 (1). pp. 21-32. ISSN 0352-1206
6. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2018) Zeolite bearing tuff as an adsorbent for heavy metals removal from aqueous solutions and acid mine drainage. ECOTERRA - Journal of Environmental Research and Protection, 15 (1). pp. 35-43. ISSN Printed ISSN: 1584-7071 Online ISSN: 2248-3128.

***Трудови објавени во домашни списанија***

7. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2019) Оскултација – техничко набљудување на хидројаловиште. Natural resources and technology, 13 (13). pp. 11-16. ISSN 185-6966
8. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj (2018) Активен третман на руднички води. Natural resources and technologies, 12 (12). pp. 69-76. ISSN 185-6966
9. Krstev, Boris and Naumovski, Krsto and Krstev, Aleksandar and Golomeov, Blagoj and

Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Todeva, Tijana (2017) Air pollution in surrounding environment of domesti mines – ambient air and plant dust. Natural Resources and Technologies, 11. pp. 83-87. ISSN 185-6966

10. Stoilov, Zoran and Krstev, Boris and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2017) Investigation of the quality of the underground water in part of Eastern Macedonia. Natural Resources and Technologies, 11. pp. 113-119. ISSN 185-6966
11. Simevska, Sanja and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2017) Water quality control in WWTP - Berovo. Natural Resources and Technologies, 11. pp. 101-111. ISSN 185-6966
12. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2016) Environmental aspects of Sasa mine tailing dam No. 4 - M. Kamenica. Natural Resources and Technologies, 10 (10). pp. 73-82. ISSN 185-6966
13. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris and Jakupi, Shaban (2015) Removal of heavy metals from aqueous solutions using opalized tuff. Natural Resources and Technologies, 9 (9). pp. 179-186. ISSN 185-6966
14. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2015) Оскултација на дренажниот систем и системот на циклонирање на хидројаловиштето на рудник „Саса“ - М. Каменица. Natural resources and technologies, 9 (9). ISSN 185-6966.

***Трудови објавени на меѓународни научни собири, конгреси и симпозиуми***

15. Mirakovski, Dejan and Boev, Blazo and Boev, Ivan and Hadzi-Nikolova, Marija and Zendelska, Afrodita and Sijakova-Ivanova, Tena (2019) Wintertime urban air pollution in Macedonia – composition and source contribution of air particulate matter. In: 18th World Clean Air Congress 2019, 23-27 Sept 2019, Istanbul, Turkey.
16. Delipetrev, Marjan and Panov, Zoran and Karanakova Stefanovska, Radmila and Filipovski, Robert and Zendelska, Afrodita and Lazarova, Maja (2019) Risk assessment method for the operator of the machine for deep pit and geological exploration drilling. In: Proceedings of the XV-th International conference of the open and underwater mining of minerals, 03-07 June 2019, Varna, Bulgaria.
17. Janevski, Aco and Blažev, Krsto and Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro and Jordeva, Sonja and Kertakova, Marija and Zendelska, Afrodita (2018) Several ash features obtained from rice husk. In: 25th Congress of SCTM, 19-22 Sept 2018, Ohrid, R. Macedonia.
18. Mirakovski, Dejan and Hadzi-Nikolova, Marija and Boev, Ivan and Sijakova-Ivanova, Tena and Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka (2018) Sources of urban air pollution in Macedonia – behind high pollution episodes. In: International Scientific Confrerence GREDIT 2018 – Green Development, Geeen Infrastructure, Green Technology, 22-25 March 2018, Skopje, Macedonia.
19. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Krstev, Boris and Golomeov, Blagoj (2017) Removal of heavy metals from mine wastewater from mines Sasa and Buchim, Macedonia using zeolite bearing tuff. In: XVII Balkan Mineral Processing Congress, 1-3 Nov 2017, Antalya, Turkey.
20. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2017) Zeolite bearing tuff as an adsorbent for heavy metals removal from aqueous solutions and acid mine drainage. In: International U.A.B. – B.EN.A. Conference Environmental Engineering and Sustainable Development, 25-27 May 2017, Alba Iulia, Romania.
21. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris and Jakupi, Shaban (2016) Removal of lead ions from acid aqueous solutions using zeolite bearing tuff. In: VII International Metallurgical Congress, 09-12 June 2016, Ohrid.
22. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2016) Possibilities for use of natural raw materials for removal of heavy metals from aqueous solutions. In: 16th International Multidisciplinary Scientific GeoConference SGEM 2016, 28 June-6 July 2016, Albena, Bulgaria.

***Трудови објавени на домашни научни собири, конгреси и симпозиуми***

23. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj (2019) Comparison of sieve analysis and the laser diffraction method. In: XII Стручно советување од областа на подземната и површинската експлоатација (Подекс-Повекс 2019), 01-03 Nov 2019, Strumica, Macedonia.
24. Boev, Blazo and Mirakovski, Dejan and Boev, Ivan and Hadzi-Nikolova, Marija and Sijakova-Ivanova, Tena and Zendelska, Afrodita (2018) Карактеризација на аеросолите во урбаните средини во Македонија – пат до решение. Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата? - Книга на апстракти. pp. 5-6.
25. Mirakovski, Dejan and Boev, Blazo and Hadzi-Nikolova, Marija and Boev, Ivan and Zendelska, Afrodita and Sijakova-Ivanova, Tena (2018) Персонална изложеност на суспендирани честички во урбаните центри во Македонија - колку сме изложени навистина. Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата? - Книга на апстракти. pp. 7-9.
26. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj (2018) Пасивен третман на руднички води. In: Подекс-Повекс '18, Технологија на подземна и површинска експлоатација на минерални суровини, 09-11 Nov 2018, Struga, Macedonia.
27. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2017) Методи за отстранување на цијаниди од руднички води. In: X Стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс '17, 03-05 Nov 2017, Ohrid, Macedonia.
28. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2017) The use of geosynthetic materials in the design of tailings for the increased protection of the wider environment. In: 4th Congress on Dams, 28-30 Sept 2017, Struga, Macedonia.
29. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Krstev, Boris (2016) Characteristics and application on raw materials for metals removal from aqueous solutions. In: Podeks-Poveks'16, 11-13 Nov 2016, Strumica, Macedonia.
30. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Blažev, Krsto and Krstev, Boris and Golomeov, Blagoj (2015) Removal of heavy metals from mine wastewater using zeolite bearing tuff. In: VIII Стручно советување со меѓународно учество Подекс-Повекс 2015, 13-15 Nov 2015, Krusevo, Macedonia.

***Поглавја објавени во меѓународни книги***

31. Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2016) Application of Some Natural Porous Raw Materials for Removal of Lead and Zinc from Aqueous Solutions. In: Microporous and Mesoporous Materials. InTech, pp. 21-49. ISBN 978-953-51-2583-9, Print ISBN 978-953-51-2582-2.

***Скрипти и практикуми***

1. Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска (2017), *Третман на отпадни води*, рецензирана скрипта, ISBN 978-608-244-461-1
2. Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска (2019), *Методи на испитување во подготова на минерални суровини*, Рецензиран практикум, ISBN 978-608-244-670-7.

**Кратка научна евалуација на трудовите**

**Евалуација на трудот под реден број 1**

Во трудот „Removal of Zinc Ions from Acid Aqueous Solutions and Acid Mine Drainage Using Zeolite-Bearing Tuff" се прикажани резултати од испитувања направени за да се процени ефикасноста на зеолитизиран туф (стилбит) како атсорбент и негова примена

при третман на кисели руднички дренажи. Направени се испитувања за ефикасноста на атсорпција на цинкови јони од подготвен раствор, како и на кисели руднички дренажи од Рудникот „САСА“. Добиени се резултати со ефикасност на атсорпција од 74%.

Физичките и хемиските својства на атсорбентот се карактеризирани со рендген дифрактометар и скенинг електронски микроскоп, додека концентрациите на растворените метални јони пред и по третманот се утврдени со AES — ICP.

Максималниот атсорпционен капацитет на атсорбентот е утврден со испитување на хемиската рамнотежа.

**Евалуација на трудот под реден број 2**

Во овој труд се прикажани резултати од испитувања за атсорпција на оловни јони од подготвен раствор, како и на кисели руднички дренажи од Рудникот „САСА“. Како атсорбент е користен зеолитизиран туф (стилбит) од наоѓалиштето Ветуница, Македонија. Резултатите покажале дека е постигната ефикасна атсорпцијата и во двата случаи, при што од киселите руднички дренажи отстрането е дури 99% од присутното олово.

Физичките и хемиските својства на атсорбентот се карактеризирани со рендген дифрактометар и скенинг електронски микроскоп, додека концентрацијата на растворените метални јони пред и по третманот се одредени со AES - ICP.

Максималниот атсорпционен капацитет на зеолитизираниот туф за отстранување на оловни јони е утврден со испитување на хемиската рамнотежа.

**Евалуација на трудот под реден број 3**

Во овој труд се прикажани резултати од испитување на атсорпција на бакарни јони од синтетички водени раствори врз природен зеолит (клиноптилолит).

Покрај карактеризацијата на клиноптилолитот со рендген дифрактометар и скенинг електронски микроскоп и анализа на концентрациите на растворените метални јони пред и по третманот со AES — ICP, направени се и низа експерименти за утврдување на максималниот атсорпционен капацитет на атсорбентот преку испитување на хемиската рамнотежа, а исто така испитувана е и кинетиката на атсорпција во зависност од повеќе клучни фактори. Моделирањето е извршено со три кинетички модели.

Резултатите покажуваат дека испитуваниот природен зеолит-клиноптилолит може ефикасно да ги атсорбира бакарните јони дури до 80% во првите 20 минути.

**Евалуација на трудот под реден број 4**

Во трудот „Effect of Competing Cations (Cu, Zn, Mn, Pb) Adsorbed by Zeolite Bearing Tuff from Macedonia“ е испитувана селективноста на зеолитизиран туф – со 27% стилбит од наоѓалиштето Ветуница во Република Македонија. Селективноста е испитувана во однос на атсорпцијата на бакар, цинк, манган и олово.

Селективната серија што е добиена во овој труд според експериментално добиениот максимален капацитет на атсорпција на зеолитизираниот туф е: $Pb^{2+} > Cu^{2+} > Zn^{2+} > Mn^{2+}$. Според Ленгмировите атсорпциони изотерми добиената серија гласи: $Zn^{2+} > Pb^{2+} > Cu^{2+} > Mn^{2+}$.

Покрај погоренаведените анализи во трудот се разгледани и факторите кои влијаат на атсорпционит капацитет на зеолитот: хидратниот радиус, хидратната енталпија и растворливоста на катјоните. Според хидратните радиуси редоследот на атсорпцијата треба да биде $Pb^{2+} > Cu^{2+} > Zn^{2+} > Mn^{2+}$, а според хидратната енталпија редоследот $Pb^{2+} > Mn^{2+} > Zn^{2+} > Cu^{2+}$. Добиената селективна серија во ова испитување одговара со серијата добиена според хидратниот радиус т.е. $Pb^{2+} > Cu^{2+} > Zn^{2+} > Mn^{2+}$.

**Евалуација на трудот под реден број 5**

Во овој труд се прикажани резултати за карактеризација на природен зеолит – клиноптилолит од наоѓалиштето Бели Пласт, Карџали во Република Бугарија, како и негова примена за отстранување на тешки метали од водени раствори.

Карактеризацијата на природниот зеолит е направена со: класични хемиски анализи, XRD, SEM/EDS, DTA/TG/DTG, XRF, FTIR и методот BET. Врз основа на резултатите од хемискиот состав и анализите, XRD, SEM/EDS и FTIR е констатирано дека станува збор за алумосиликатен материјал чија главна компонента е клиноптилолит со учество од околу 95%. Со методот BET со азотна атсорпција е одредена специфичната површина на материјалот која изнесува 31,3 $m^2/g$. Во рамките на испитувањето е одреден максимален капацитет на клиноптилолитот кој за отстранување на јоните на цинк, никел и кобалт изнесува приближно 3,5 mg/g, за бакар и манган околу 4,5 mg/g и за јоните на олово околу 30 mg/g. Природниот зеолит е употребен како потенцијална природна суровина за отстранување на јоните на Cu(II), Zn(II), Mn(II), Pb(II), Co(II) и Ni(II) од примероците на водни раствори. Резултатите од испитувањата покажуваат дека атсорпцијата на наведените тешки метали од раствор со користење на наведениот атсорбент е ефикасна, при што е постигнато нивно отстранување од околу 90%. Заклучокот е дека испитуваниот зеолит може да се користи како потенцијална природна суровина за отстранување на јони на тешки метали од загадени води

**Евалуација на трудот под реден број 6**

Резултати од испитувања за хемиската рамнотежа на зеолитизиран туф (стилбит) од наоѓалиштето Ветуница, Република Македонија, за атсорпција на јони на бакар, олово, цинк и манган се прикажани во трудот „Zeolite bearing tuff as an adsorbent for heavy metals removal from aqueous solutions and acid mine drainage".

Моделирањето на добиените експериментални податоци е извршено со Ленгмировите и Фројндлиховите атсорпциони изотерми.

Во трудот е прикажан и добиениот максимален атсорпционен капацитет за секој испитуван метал поединечно.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Афродита Зенделска во изминатиот период е член на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и член на повеќе факултетски комисии. Од формирањето на Универзитетот континуирано е член на уписните комисии за прием на студенти на прв циклус на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020), како и член на Пописна комисија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за 2015, 2016, 2017 и 2018 година. Член е на организациониот одбор на Стручното советување со меѓународно учество ПОДЕКС – ПОВЕКС од 2013 година до денес.

Од 2019 година е главен и одговорен уредник на „Природни ресурси и технологии" издадено од Факултетот за природни и технички науки.

Во целиот изборен период д-р Афродита Зенделска е стручен соработник во лабораторијата АМБИКОН, Оддел за минерална технологија при Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Има рецензирано неколку трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор, како и научен билатерален проект.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 164 од Законот за високо образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Униврзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Афродита Зенделска го исполнува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + САОР) на поени за избор во звање вонреден професор, дури и значително го надминува, остварувајќи вкупно 213,5 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Афродита Зенделска може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала значајни резултати. Во наставно-образовната дејност, како доцент, потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач, кој ја совладал методологијата на научно истражување, како од теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но истовремено дава свој придонес за афирмација на подготовката на минерални суровини, како значајна научна дисциплина.

**Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р Афродита Зенделска во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област подготовка на минерални суровини.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирјана Голомеова, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Благој Голомеов, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | **30** | |
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 2 | Дел од монографија или научна книга (31) | | 1х10=**10** |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (прв автор: 1, 2 и 3) | 3х15=**45** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (прв автор: 4, 5 и 6) | 3х9=**27** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство: 15, 16, 17, 18 и 19 и во земјата: 24, 25 и 28) | 3х2=**6** | 5х3=**15** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (20, 21 и 22) | | 3х1,5=**4,5** |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1х2=**2** | |
| 17 | Уредник на зборник на трудови | 1х2=**2** | |
| 20 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1х1=**1** | |
| 24 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 4х2=**8**<br>1х1=**1** | |
| 25 | Рецензент на научен проект | 1х2=**2** | |
| | **ВКУПНО** | **123,5** | |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14) | 8х2=**16** | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (23, 26, 27, 29 и 30) | 5х2=**10** | |
| 17 | Елаборати и експертизи | 11х=**22** | 1х4=**4** |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | 20х0,1=**2** | / |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 3х2=**6** | |
| | **ВКУПНО** | **60** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **213,5** | |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ „КЛИНИЧКА ДИЈАГНОЗА И ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА ТРЕТМАН” ОД АВТОРИТЕ АСС. Д-Р АНА РАДЕСКА-ПАНОВСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката со бр.2002- 44/41 донесена на 237 мата редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на ден 6.2.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Марија Зужелова - редовен професор во пензија;
- Проф. д-р Ивона Ковачевска – редовен професор, Дентална медицина, Факултет за медицински науки, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум со наслов „ Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман” од асс. д-р Ана Радеска-Пановска и проф. д-р Софија Царчева - Шаља, наменет за студентите од Прв циклус на студии, на Студиската програма за дентална медицина, Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов “Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман”, е предвиден како наставно помагало по предметот Ортопедија на заби и вилици 2, предмет на Студиската програма за Дентална медицина со 2+2+1 неделен фонд на часови, 5 кредити и се слуша во осми семестар. Предложениот ракопис целосно соодејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметот Ортопедија на заби и вилици 2.

**Податоци за обемот ракописот:** Предлог ракописот за практикум “Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман”, е на 40 страници, категоризиран во три поглавја, со 25 нумерирани фотографии и плус останати слики и графички прикази за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис, во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебно помагало – практикум, е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал. Приложениот ракопис за практикум претставува единствен од ваков вид и ќе помогне на студентите по Дентална медицина за совладување на теоретските и што е многу важно практичните вештини.

**Краток опис на содржината:**

Во поглавјето Клиничка дијагноза, авторите дават осврт на важноста на соодветно земената анамнеза, пред се фамилијарна, како и лична, со единствена цел да се добијат податоци за натамошното практично тераписко организирање. Покрај соодветно нотираната анамнеза, авторите ги презентираат сите елементи на клиничкиот наод.

Второто поглавје, се однесува на "Фотоанализа", и во него авторите едноставно ја презентираат потребната фото документација, која е неопходно потребна, пред и после секој ортодонтски третман. Истата таа документација, посочуваат авторите, содржи една екстра орална профилна слика и две анфас фотографии, интра орална фотографија од горната и долната вилица, документирани во оклузална проекција, билатерална постериорна оклузија и фронтален поглед на канините во оклузија.

Последното Трето поглавје, План на третман, ги елаборира наодите и резултатите добиени во текот на клиничкото испитување, како една целина која соодветно ја одредува дијагнозата, а со самото тоа сукцесивно се надоврзува и ортодонтската терапија.

Со цел да обезбедат подобар преглед, наодите за горната и долната вилица, како и соодносот на вилицата со оклузијата, се прикажани одделно, што на студентите ќе им ја олесни практичната работа во текот на вежбите.

Присуството на големиот број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, нараторите во ракописот, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин, да се совладаат и научат основните базични практични елементи, по предметот Ортопедија на заби и вилици 2.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за практикум, "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман", на систематичен, едноставен и пристапен начин, ги елаборира практичните наставни единици кои на студентите н а Студиската програма по Дентална медицина, ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно, совладување на практичните содржини по предметот Ортопедија на заби и вилици 2. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на вежбите и практичната едукација и ќе обезбедат студентите да се здобијат со адекватни вештини и познавања за клиничката дијагнозана при ортодонтските аномалии, класификација на истите, ортодонтските малоклузии, пристапот и подготовката за тераписки третман на истите.

Согласно нашиот презентиран извештај, со задоволство, му препорачуваме на Наставно научниот совет на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман" од асс д-р Ана Радеска-Пановска и професор Софија Царчева-Шаља како учебно помагало – практикум.

**Рецензенти**

**Проф. Д-р Марија Зужелова**
**Проф. Д-р Ивона Ковачевска**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ „КЛИНИЧКА ДИЈАГНОЗА И ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА ТРЕТМАН" ОД АВТОРИТЕ АСС. Д-Р АНА РАДЕСКА-ПАНОВСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката со бр.2002- 44/41 донесена на 237 мата редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на ден 6.2.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– Проф. д-р Марија Зужелова - редовен професор во пензија;
– Проф. д-р Ивона Ковачевска – редовен професор, Дентална медицина, Факултет за медицински науки, Универзитет "Гоце Делчев" во Штип.

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум со наслов „ Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман" од асс. д-р Ана Радеска-Пановска и проф. д-р Софија Царчева - Шаља, наменет за студентите од Прв циклус на студии, на Студиската програма за дентална медицина, Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман", е предвиден како наставно помагало по предметот Ортопедија на заби и вилици 2, предмет на Студиската програма за Дентална медицина со 2+2+1 неделен фонд на часови, 5 кредити и се слуша во осми семестар. Предложениот ракопис целосно соодејствува со наставната програма и теоретските наставни содржини, кои се акредитирани за предметот Ортопедија на заби и вилици 2.

**Податоци за обемот ракописот:** Предлог ракописот за практикум "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман", е на 40 страници, категоризиран во три поглавја, со 25 нумерирани фотографии и плус останати слики и графички прикази за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис, во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебно помагало – практикум, е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал. Приложениот ракопис за практикум претставува единствен од ваков вид и ќе помогне на студентите по Дентална медицина за совладување на теоретските и што е многу важно практичните вештини.

**Краток опис на содржината:**

Во поглавјето Клиничка дијагноза, авторите даваат осврт на важноста на соодветно земената анамнеза, пред се фамилијарна, како и лична, со единствена цел да се добијат податоци за натамошното практично тераписко организирање. Покрај соодветно нотираната анамнеза, авторите ги презентираат сите елементи на клиничкиот наод.

Второто поглавје, се однесува на "Фотоанализа", и во него авторите едноставно ја презентираат потребната фото документација, која е неопходно потребна, пред и после секој ортодонтски третман. Истата таа документација, посочуваат авторите, содржи една екстра орална профилна слика и две анфас фотографии, интра орална фотографија од горната и долната вилица, документирани во оклузална проекција, билатерална постериорна оклузија и фронтален поглед на канините во оклузија.

Последното Трето поглавје, План на третман, ги елаборира наодите и резултатите добиени во текот на клиничкото испитување, како една целина која соодветно ја одредува дијагнозата, а со самото тоа сукцесивно се надоврзува и ортодонтската терапија.

Со цел да обезбедат подобар преглед, наодите за горната и долната вилица, како и соодносот на вилицата со оклузијата, се прикажани одделно, што на студентите ќе им ја олесни практичната работа во текот на вежбите.

Присуството на големиот број на слики, како и едноставниот стил на презентација на специфичната стручна материја, нараторите во ракописот, овозможува на лесен, разбирлив и концизен начин, да се совладаат и научат основните базични практични елементи, по предметот Ортопедија на заби и вилици 2.

**З А К Л У Ч О К**

Предложениот ракопис за практикум, "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман", на систематичен, едноставен и пристапен начин, ги елаборира практичните наставни единици кои на студентите н а Студиската програма по Дентална медицина, ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно, совладување на практичните содржини по предметот Ортопедија на заби и вилици 2. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на вежбите и практичната едукација и ќе обезбедат студентите да се здобијат со адекватни вештини и познавања за клиничката дијагнозана при ортодонтските аномалии, класификација на истите, ортодонтските малоклузии, пристапот и подготовката за тераписки третман на истите.

Согласно нашиот презентиран извештај, со задоволство, му препорачуваме на Наставно научниот совет на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов "Клиничка дијагноза и подготовка на план за третман" од асс д-р Ана Радеска-Пановска и професор Софија Царчева-Шаља како учебно помагало – практикум.

**Рецензенти**
**Проф. Д-р Марија Зужелова**
**Проф. Д-р Ивона Ковачевска**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии**

Билтен 15.7.2020 година

| Докторски студии - Кампус 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Придонес за унапредување на контурните минирања при формирање на завршни косини на патиштата и површинските копови<br><br>Contribution for improvement of contour blastings in forming final slopes on the roadways and surface mines | 0206-333/3 од 23.6.2020 г. | Интерен ментор:<br><br>проф. д-р Ристо Дамбов<br><br>Екстерен ментор: проф. д-р Бајрам Шабани | М-р Фрашер Брахима |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата**

**Билтен 15.7.2020 година.**

| | | |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | | |
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Предности и недостатоци на квалитативните и квантитативните биолошки методи за евалуација и скрининг на микотоксини |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-111/11 од 26.6.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Невенка Величкова |
| | ***Кандидат*** | Ивона Кироска |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Финансиската анализа и управувањето со кредитниот ризик во банките |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-74/10 од 7.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска |
| | ***Кандидат*** | Антица Донева |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Придонесот на менаџмент школите за креирање на инклузивно современо лидерство во организациите |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-74/9 од 7.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Викторија Аџиска |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Анализа на финансиските извештаи на Македонски Телеком АД Скопје, со посебен осврт на примената и влијанието на Меѓународниот стандард за финансиско известување 16 - Наеми |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-74/8 од 7.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска |
| | ***Кандидат*** | Елена Зафировска – Ѓорчевска |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | ***Наслов на тема*** | Влијанието на суштината на квалитетот врз зголемувањето на мотивацијата како клучна алатка во семејниот бизнис |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-74/7 од 7.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Еленица Софијанова |
| | ***Кандидат*** | Марјана Донева |
| **6.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на менаџментот во креирање на стратегија за конкурентска предност на претпријатието |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-74/6 од 7.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Сузана Механџиска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ** | | |
| | Наслов на тема | Социјалните медиуми и социјалната интеракција кај учениците |
| | Одлука бр. | 1602-76/11 од 9.7.2020 г. |
| | Ментор | Проф. д-р Снежана Мирасчиева |
| | Кандидат | Зоран Ристовски |